ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

Сл. Весник на Р. Македонија, бр.190 од 17.10.2016 година

Член 1

Во Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија" број 112/14, 129/15 и 23/16), во членот 9 став (1) по точката 3 се додава нова точка 3-а), која гласи:

„3-а) трошоците за сместување (ноќевање или ноќевање со појадок) и превоз на лица кои не се вработени кај домашниот исплатувач, а кои се ангажирани во врска со извршувањето на работа кај исплатувачот во функција на неговата дејност, доколку истите не се документирани,".

Член 2

По членот 30 се додаваат три нови члена 30-а, 30-б и 30-в, кои гласат:

„Член 30-а

(1) На обврзникот кој донирал финансиски средства на спортски федерации и Македонскиот олимписки комитет кои се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација, но најмногу до 40% од пресметаниот данок.

(2) На обврзникот кој донирал финансиски средства на фудбалски клубови кои се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација но најмногу до 50% од пресметаниот данок.

(3) На обврзникот кој донирал финансиски средства на кошаркарски клубови кои се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација но најмногу до 40% од пресметаниот данок.

(4) На обврзникот кој донирал финансиски средства на ракометни клубови кои се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација, но најмногу до 40% од пресметаниот данок.

(5) На обврзникот кој донирал финансиски средства на спортски клубови во другите спортови кои не се наведени во ставовите (2), (3) и (4) на овој член, кои се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација, но најмногу до 35% од пресметаниот данок.

(6) За остварување на правото од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член, клубовите треба да се натпреваруваат во национален систем на натпревари каде има натпреварување во организирана лига и да имаат регистрирана и активна младинска школа.

(7) За дадените донации на најмногу еден спортски клуб во календарската година кој не учествува во организирана национална лига, на обврзникот му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација но најмногу до 5% од пресметаниот данок.

(8) За остварување на правото од ставовите (1), (2), (3), (4), (5) и (7) на овој член обврзникот треба да поседува потврда од Агенцијата за млади и спорт дека субјектите кои се корисници на добиените донации се субјекти кои ги исполнуваат условите за користење на правото на даночно намалување согласно со Законот за спортот.

(9) Доколку на даночниот обврзник или на правен субјект кој е капитално или управувачки поврзан со даночниот обврзник или е во сопственост или управуван од лице во роднинска врска во сите линии до втор степен со лице од даночниот обврзник, му бидат вратени донираните финансиски средства од страна на спортските федерации, Македонскиот олимписки комитет и спортските клубови директно или преку набавка на стоки и услуги од даночниот обврзник, го должи данокот кој би го платил доколку не го користел намалувањето од овој член.

(10) Спортските федерации, Македонскиот олимписки комитет и спортските клубови кои добиле финансиски средства за кои е искористено правото на даночно намалување согласно со одредбите на овој член, ги користат средствата согласно со намените утврдени со Законот за спортот.
(11) Искористеното право за намалување на пресметаниот данок на добивка согласно со одредбите на овој член, го исклучува правото на даночно поттикнување кај данокот на добивка согласно со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

Член 30-б

(1) На обврзникот кој донирал финансиски средства на активни спортисти од олимписките спортови и кои таквиот статус го стекнуваат според услови и критериуми пропишани во Законот за спортот, кои средства се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација но најмногу до износот од 10% од пресметаниот данок.
(2) На обврзникот кој донирал финансиски средства на активни спортисти од неолимписки спортови и кои таквиот статус го стекнуваат според услови и критериуми пропишани во Законот за спортот, кои средства се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација но најмногу до износот од 5% од пресметаниот данок.
(3) За остварување на правото од ставовите (1) и (2) на овој член обврзникот треба да поседува потврда од Агенцијата за млади и спорт дека субјектите кои се корисници на добиените донации се субјекти кои ги исполнуваат условите за користење на правото на даночно намалување согласно со Законот за спортот.
(4) Доколку на даночниот обврзник или на правен субјект кој е капитално или управувачки поврзан со даночниот обврзник или е во сопственост или управуван од лице во роднинска врска во сите линии до второ колено со лице од даночниот обврзник, му бидат вратени донираните финансиски средства од страна на спортистите од ставовите (1) и (2) на овој член директно или преку набавка на стоки и услуги од даночниот обврзник, го должи данокот кој би го платил доколку не го користел намалувањето од овој член.
(5) Спортистите кои добиле финансиски средства за кои е искористено правото на даночно намалување согласно со одредбите на овој член, ги користат средствата согласно со намените утврдени со Законот за спортот.
(6) Искористеното право за намалување на пресметаниот данок на добивка согласно со одредбите на овој член, го исклучува правото на даночно поттикнување кај данокот на добивка согласно со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

Член 30-в

Даночните поттикнувања од членовите 30-а ставови (1), (2), (3), (4), (5) и (7) и 30-б ставови (1) и (2) можат да бидат остварени само по еден од наведените основи и не можат да се кумулираат.".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2017 година.